Бр. 09-195
07-2 2013
Скопје

**До**
**Деканите на факултетите**

**Предмет: Издавање дипломи**

Почитувани,

Во член 180 став 2 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08; бр. 103/08; бр. 26/09; бр. 83/09; бр. 99/09; бр. 115/2010, бр. 17/2011, бр. 51/2011; бр.123/2012; бр. 15/2013) се утврдени роковите за завршување на додипломските студии за студентите запишани според старите студиски програми на додипломски студии, пред воведувањето на првиот циклус студии, односно запишани заклучно до учебната 2007/2008 година. Според наведената одредба тие студенти можат да ги завршат студиите под услови кои важеле при уписот, но најдоцна во рокот определен за изведување на студиската програма, продолжен за две години. Тоа значи дека рокот за завршување на четиригодишните студии е тековната 2012/2013 учебна година, за студиите со 10 семестри, учебната 2013/2014 година, а за студиите со 12 семестри, учебната 2014/2015 година, заклучно со завршување на септемврискиот испитен рок во соодветната година.

За доследна примена на законските одредби од страна на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, укажуваме дека при издавањето дипломи на студентите од претходниот став, треба да се имаат предвид утврдените рокови. Оттаму, дипломи за завршени додипломски студии (стариот вид - вертикални дипломи) може да се издаваат само на студентите кои ги завршиле студиите во горенаведените рокови.

На оние студенти кои дипломирале по истекување на роковите, а се запишани заклучно со учебната 2007/2008 година им се издава диплома за завршен прв циклус студии (дипломите на УКИМ изготвени согласно со Правилникот на Министерството за образование и наука, Сл. весник на РМ, бр.84/2009).

На сите запишани студенти од учебната 2008/2009 година, односно од воведувањето на првиот циклус студии, по дипломирањето им се издава диплома за завршен прв циклус студии.

За доследно почитување на законската регулатива при издавањето дипломи, укажуваме дека е неопходно студентските картони кои се доставуваат до Универзитетот, задолжително да ги содржат сите податоци кои се бараат во картоните.

Благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**

**Проф. д-р Влатко Стоилков**

Доставено до:
- секретарите на факултетите на УКИМ